UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Меѓународни правни и политички студии - Меѓународно бизнис право (120 ЕКТС)** |
| Факултет | Институт Max van der Stoel |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 120 |

## Опис на програмата

Оваа програма подразбира мултидисциплинарен пристап кон проширување и продлабочување, т.е. кон диференцирање на образованието во рамките на правно-политичките и правно-економските студии во вториот циклус.

Тие се студии кои се изградени од 3 модули-насоки кои спаѓаат во областа на современите меѓународно правни студии.

Модулите кои се предвидени се:

1. **Меѓународно право;**
2. **Меѓународни односи;**
3. **Меѓународно бизнис право;**

Во време на светска глобализација која е основниот двигател за светските интеграциони процеси, клучно е да се препознае важноста на овие меѓународни текови кои се преставуваат како надворешно-внатрешни двигатели на државните политики и програми и се базираат врз динамичното меѓународно право и врз меѓународните односи. Овие правно-политички односи се реализираат во меѓународниот бизнис во чии рамки се градат сојузи и се прават конфликти во меѓународни и национални рамки. Имајќи ги предвид растечката важност на овие области и тенденциите на нашата земја кон вклучување во тие светски интеграции, програмата е замислена да одговори на овие новонастанати кадровски потреби на земјата.

## Кариера

По завршувањето на оваа студиска програма студентите ќе бидат во можност врз основа на стекнатото знаење и стекнатите вештини да работат во националните институции кои го применуваат правото, а посебно мегународното право, мегународното бизнис право и мегународните односи, како и мегународните институции и организации кои имаат потреба од овој профил на кадар. Студентите кои ќе се насочат на мегународното право ја имаат и можноста за продолжување на образованието во националниот правен систем и за практикување на националното право.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање), кое се надградува врз

првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или во примената на автономни идеи во контекст на истражувањето.
- Има способност за употреба на проширено и продлабочено знаење.
- Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња.
- Има знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле.

**Примена на знаењето и разбирањето**

Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање.

**Способност за проценка**

- Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање.
- Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето;
- Способност за справување со сложени прашања, систематски и креативно, за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;
- Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области и поставување нови анализи и решенија на научна основа.

**Комуникациски вештини**

- Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со нивно рационално поткрепување, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено;
- Преземање значителна одговорност за заедничките резултати; водење и иницирање активности.

**Вештини на учење**

- Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;
- Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и за усовршување.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [6.0 ЕКТС] **Современи проблематики на меѓународното право**
- [6.0 ЕКТС] **Теорија на меѓународна трговија**
- [6.0 ЕКТС] **Меѓународните односи и глобализацијата**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет - странски јазик 1**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 1**

### Семестар 2

- [6.0 ЕКТС] **Методологија на истражувањето**
- [6.0 ЕКТС] **Меѓународни институции**
- [6.0 ЕКТС] **Политика на меѓународна трговија**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет - странски јазик 2**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 2**

### Семестар 3

- [6.0 ЕКТС] **Меѓународни стопански организации**
- [6.0 ЕКТС] **Меѓународно трговско право**
- [6.0 ЕКТС] **Меѓународна арбитража**

- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 1**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 2**

### Семестар 4

- [30.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Современи проблематики на меѓународното право**
  Целта на предметот е да се претстави меѓународното јавно право, кое ги опфаќа принципите и правилата кои ги регулираат односите меѓу државите и интеракциите мегу нив, како и односот на државите со другите меѓународни актери. Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаења за глобално разбирање на правилата со кои се регулираат меѓународните односи и практични вештини за правно расудување, истражување и за пишување на меѓународните прашања.

- **Теорија на меѓународна трговија**
  Во рамките на овој предмет е опфатено следново: - Меѓународна трговија и економија; - Меѓународни трговски проблеми; - Фактори на мобилност; - Различни национални трговски политики; - Теорија на меѓународнота трговија (понуда); - Теорија на меѓународната трговија (побарувачка); - Факторите на зголемување и технолошките промени. - Трговија и зголемување на економијата во земјите во развој; - Транспортните трошоц и теоријата на локација; - Комерцијалната политика (царинска тарифа, девизна контрола, државна трговија, дискриминација цена и картел, економска интеграција); - Меѓународна распределба на средствата, оданочување и миграција; - Постапка на прилагодување; - Промет на капитал (краткорочен и долгорочен капитал); - Меѓународни монетарни аранжмани.

- **Меѓународните односи и глобализацијата**
  Во рамките на овој предмет се дава историски преглед на развојот на меѓународните односи од првичните идеи за меѓународните односи, од почетокот на 20. век и нивна анализа преку секојдневното функционирање на меѓународните организации, па сè до најновиот тренд во меѓународните односи и глобализацијата.

- **Методологија на истражувањето**
  Целта на предметот Методологија на истражувањето е да се презентира како методите можат да се аплицираат врз истражувачки проблем, како може да се направи истражувачки проект-скица, како студентот критички да се осврне на односот меѓу теориската рамка, методолошкиот пристап, истражувачкото прашање и анализите. Суштинска цел е како студентот самостојно да може да развиваа научноистражувачки проект.

- **Меѓународни институции**
  Во рамките на овој предмет се опфатени теоретски прашања во однос на меѓународните институции на универзално и регионално ниво, нивниот историски развој, улогата, функциите и надлежностите. Посебно внимение се посветува на прашањето на нивната улога во решавање на колективните прашања и проблеми во глобалната политика. Фокусот е на нивната улога во сферата на мирот и безбедноста, економскиот развој, правата на човекот, демократијата и владеењето на правото, како и на главните тела воспоставенени во рамките на институциите, задолжени за реализирање на поставените цели.

- **Политика на меѓународна трговија**
  Во рамките на овој предмет се опфатени се опфатени следниве прашања: зголемување и насока на меѓународна трговија, меѓународна и регионална трговија, канали на дистрибуција на извозот, меѓународна логистика, ризик и осигурување, документи за продажба и превоз, методи на плаќање, интелектуали имотни права и др.

- **Меѓународни стопански организации**
  Во текот на овој семестар ќе се проучуваат основните поими на правото на меѓународните трговски организации со посебен акцент на Светската трговска организација, но и на; ММФ, МБОР, МФК, СОИС и др. Во врска со Светската трговска организација од посебен интерес е изучувањето на следниве аспекти:

основните трговски начела како што се недискриминацијата во трговските односи, историскиот развој на СТО, поаѓајќи од МТО и ГАТТ 1947 до СТО во 1995, членството на државите, посебните царински територии како и на ЕУ во СТО, изворите на правото на СТО, вклучувајќи ги општите и посебни, структурата и организацијата на Светската трговска оранизација и посебно механизмите за решавање на меѓународните трговски спорови во СТО.

- **Меѓународно трговско право**
  Преку предметот се нуди теоретски, практичен и сеопфатен поглед на меѓународната арбитража на процесот на создавање арбитражни трибунали, преку почетоците и следењето на првите сослушувања, понатамошните сослушувања и на крајната одлука за определени спорови. Акцентот ќе биде ставен на улогите кои ги имаат учесниците во спорот и притоа студентите ќе се здобијат со искуство во решавањето на важни прашања кои честопати се јавуваат во вистинската арбитража. Предметот ќе вклучуваа видеа на дискусиите од истакнати меѓународни експерти на критични аспекти на арбитражниот процес, како селекција на арбитер, селекција и сослушувања, конференции. Во рамките на овој предметот ќе се делимитираат следниве поими: инвеститор, држава, арбитража, Меѓународниот центар за порамнување на инвестициони спорови и инвестиции (ИЦСИД), договорна арбитража (bit) итн. Овој предмет е фокусиран на анализата и интеракцијата меѓу четири основни договори во прекуграничната продажбата: трансакции, меѓународна продажба, превоз, плаќање и договори за осигурување поврзани со прашања кои се однесуваат на усогласување на легислативите со меѓународните норми и стандарди, преку анализа на прашања од меѓународна перспектива.

- **Меѓународна арбитража**
  Преку предметот се нуди теоретски, практичен и сеопфатен поглед на меѓународната арбитража на процесот на создавање арбитражни трибунали, преку почетоците и следењето на првите сослушувања, понатамошните сослушувања и на крајната одлука за определени спорови. Акцентот ќе биде ставен на улогите кои ги имаат учесниците во спорот и притоа студентите ќе се здобијат со искуство во решавањето на важни прашања кои честопати се јавуваат во вистинската арбитража. Предметот ќе вклучуваа видеа на дискусиите од истакнати меѓународни експерти на критични аспекти на арбитражниот процес, како селекција на арбитер, селекција и сослушувања, конференции. Во рамките на овој предметот ќе се делимитираат следниве поими: инвеститор, држава, арбитража, Меѓународниот центар за порамнување на инвестициони спорови и инвестиции (ИЦСИД), договорна арбитража (bit) итн.

- **Магистерски труд**
  Преку овој предмет на студентите им се овозможува да ги пренесат своите вештини и знаења за истражување и за составување на покомплицираната задача - Пишувањето на магистерскиот труд. Предметот е наменет да биде целосно практичен и студентите да ги стекнат потребните знаења, способности, вештини и доверба за да пристапат кон истражување и пишување на тезата. Предметов има единствен повратен резултат - да им овозможи на студентите да ја пишуваат магистерската теза со минимални тешкотии и со максимална ефективност. Сè што е предвидено да се направи има за цел подобрување на техниките на истражување и на стилот на пишување на магистерската теза, водејќи сметка притоа за забраната со служење со недозволените средства како: плагијаторство и повреда на авторските права, кои се забранети со Статутот на УЈИЕ.

## Изборни предмети

- **Напреден англиски јазик и терминологија 1**
  Предметот Напреден анлиски јазик и терминологија 1 е наменет за студентите кои веќе имаат одредено познавање на англискиот јазик. Предметот има за цел понатамошно усовршување на сите четири јазични вештини: читање, пишување, слушање и зборување. Темите и терминологијата кои ќе се изучуваат преку овој предмет се поврзани со специфичната терминологија на меѓународното право.

- **Напреден англиски јазик и терминологија 2**
  Напреден англиски јазик и терминологија 2 е наменет за студентите кои успешно го завршиле предметот Напреден англиски јазик и терминологија 1. Предвиден е за понатамошно усовршување на англискиот јазик. Темите и терминологијата кои ќе се обработуваат се повврзани со Агенциите и другите тела на Европската Унија.

- **Напреден англиски јазик и терминологија 3**
  Напреден англиски јазик и терминологија 3 е наменет за студентите кои успешно го завршиле предметот Напреден англиски јазик и терминологија 2. Со оглед на тоа што се работи за највисоко ниво на аглиски јазик,

студентите ќе истражуваат и дискутираат теми и материјали земени од Централната библиотека на Европската Унија кои се достапни по електронски пат и се отворени за сите оние кои сакаат да го прошират своето експертско знаење во врска со евроинтерграциите.

- **Германски јазик 1**
  Овој предмет ни дава вовед во основните структури на германскиот јазик. Учесниците ќе ги развијат нивните комуникативни компетенции во читањето, слушањето, зборувањето и пишувањето. Курсот ќе ги оспособи да водат едноставни секојдневни разговори при пазарување или во ресторан и да зборуваат за непосредното минато. Тие ќе се запознаат со стратетгиите за слушање со разбирање и ќе можат да извлечат регионално студиски информации од едноставни текстови за читање. При тоа ќе се вежбаат фонетски особености во комуникативен контекст.

- **Германски јазик 2**
  Овој предмет се однесува на студенти со предзнаење по германски јаsик. Во овој курс ке се преминува едноставната комуникација, така што учесниците преку комплексни јазични структури ќе може да известуваат за нивната фамилија и нивните пријатели, за плановите за во иднина и за минатото. Тие ќе ја изучат деклинацијата на придавките. Ќе ги вежбаат техниките на читање и слушање и преку специјални фонетски вежби ќе го подобрат нивниот изговор, а и ќе ги пишуваат првите поврзани текстови.

- **Германски јазик 3**
  Во овој предмет ќе бидат објаснети комплексни структури и комуникативни компетенции во германскиот јазик. Студентите ќе бидат во состојба да иразуваат желби и намери како и да опишуваат временски секвенции. Тие ќе можат да комуницираат во важни секојдневни ситуации (како барање на стан, патувања, ориентација, врски). Претенциозни текстови за слушање и читање ќе бидат предмет на наставата. Студентите ќе исфилтруваат културни и цивилизациски информации од автентични текстови (написи во весник, кратки литературни текстови). Од областа на пишувањето ќе биде вежбано составувањето на едноставни текстови

- **Реторика**
  Во текот на својата историја долга 2500 години, реториката се користи за означување многу нешта, но под реторика денес се подразбира уметноста на убедување преку јазик. Реториката го означува начинот на кој поединецот се надоврзува на одредена тема или идеја со цел да го убеди другиот. Реториката ја карактеризираат неколку главни одлики и најпрвин ги дефинира одредените типични ситуации на говорот.

- **Мултилингвализам и мултикултурализам**
  Цел на овој предмет ќе биде разгледување на повеќејазичноста во мултикултурните општества, како социјална појава. Оваа појава е масовна во светот. Во предавањата ќе се разгледуваат попрецизно термините: еднокултурност, повеќекултурност, мултикултурност. Ќе биде разјаснет поимот лингвистички национализам, а се изделуваат две форми на ваков национализам, при што едната се судира со другата: кај водачите на најмоќните земји национализмот значи ширење, а за малцинствата тој добива форма на непокор и борба за афирмација на идентитетот, наспроти таков притисок. Видно место во програмата ќе зазема и мултикултурализмот во сферата на образованието.

- **Одбрани напредени поглавја од ИТ - апликации за изработка на научен труд**
  Целта на овој предмет е: * Да им се прикажат техничките елементи, структурата на текстот и дизајнот на еден научен труд. * Да им овозможи на студентите да стекнат понапредни познавања и вештини од одбрани напредни поглавја од ИТ-апликации, кои ќе им бидат потребни при изработка на научни и стручни трудови. * Практична примена на овие цели при изработка на индивидуален научен труд на студентот.

- **Одбрани напредни поглавја од апликации за статистичка обработка на податоци**
  Целта на овој предмет е: - Да им се прикажат техничките елементи од областа на статистиката: организирање, обработка, споредување преку анализи и публикување на податоците. - Да им овозможи на студентите да се стекнат со понапредни познавања и вештини од обрани напредни поглавја од апликациите за статистичка обработка на податоци. - Практична примена на овие цели при статистичка обработка на податоците стекнати од прашалници, прилози, научни истражувања и друга документација.

- **Професионална комуникација**
  Предметот е фокусиран на развојот на оние комуникациски вештини кои се суштествени за ефикасно функционирање во професионалниот свет. Студентите ќе го совладуваат процесот на анализа на различни комуникациски ситуации, и тоа како соодветно да одговорат на нив. Меѓу темите кои ќе бидат вклучени се и комуникација во организации, интерперсонална и групна комуникација, усни презентации, интервјуа за

вработување, професионални деловни писма, како и интерперсонални вештини, вклучувајќи групна динамика и тимска работа.

- **Методологија на наставата**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со основните пристапи и методи на предавање. Од студентите се очекува стекнат знаења и вештини со кои ќе можат да применат средства за активна настава. Опфатен е и пристап за развојот, наставата и учењето како концепти, како и за основни практики кои ќе им овозможат на предавачите да предаваат за развојот на мислењето. Преку овој предмет, студентите ќе стекнат и теоретска основа и стратегии со кои ќе можат да го развиваат и своето и критичкото мислење на студентите.

- **Анализа на надворешна политика**
  Теоретскиот дел од содржината на овој предмет ќе биде фокусирана врз: начините и сретствата за комуникација меѓу државите, влијанието на јавното мислење и медиумите во креирањето на надворешната политика, влијанието на различните внатрешни и надворешни субјекти во фокусирањето на одредени прашања од надворешната политика. Практичниот дел ќе биде насочен кон анализа, отворени дискусии и предвидувања за одредени настани во развој.

- **Право на Европска унија**
  Историски преглед на развојот на правото на ЕУ од првичните идеи за европска интеграција до основните договори (на ЕЗЈЧ, на ЕЕЗ и Евроатом, па сè до договите за ЕУ, од Мастрихт, Амстердам, Ница и Лисабон) и нивна анализа преку секојдневното функционирање на ЕУ.

- **Меѓународно банкарско право**
  Во рамките на овој предмет е опфатено следново: - Меѓународна трговија и економија; - Меѓународни трговски проблеми, - Фактори на мобилност, различни национални трговски политики; - Теорија на меѓународната трговија (понуда); - Теорија на меѓународната трговија (побарувачка); - Факторите на зголемување и технолошките промени; - Трговија и зголемување на економијата во земјите во развој; - Транспортните трошоци и теоријата на локација; - Комерцијалната политика (царинска тарифа, девизна контрола, државна трговија, дискриминација, цена и картел, економска интеграција;) - Меѓународна распределба на средствата, оданочување и миграција; - Постапка на прилагодување; - Промет на капитал (краткорочен и долгорочен капитал); - Меѓународни монетарни аранжмани;

- **Современи општествени проблеми**
  Првата цел на предметот Современи општествени проблеми е да се стимулира мисловната активност на студентот за една широк спектар на општествени проблеми од локален и глобален карактер. Предавањата ќе бидат одржани со вежби, кои ќе овозможат да проникнеме подлабоко во сржта на општествените фактори кои влијаат врз појавата на феномените наречени општествени проблеми.

- **Компаративна анализа на правните системи**
  Преку предметот се нудат продлабочени знаења за разните правни системи и традиции во современиот свет, вклучувајќи ги тука континенталниот правен систем (во рамки на кој ќе се изучуваат романското, германското и нордиското правно семејство) и англоамериканскиот правен систем (common law) како и правото на далечниот исток и религиските правни системи;